НАЦИОНАЛНО БИРО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
»NATIONAL INSURANCE BUREAU«
Бр. 0201-1946/2019
30.05 2019 год.
СКОПЈЕ - SKOPJE

# НАЦИОНАЛНО БИРО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

# КРИТЕРИУМИ

## ЗА НАДОМЕСТ НА НЕМАТЕРИЈАЛНА ШТЕТА ПОРАДИ СМРТ, ТЕЛЕСНА ПОВРЕДА И НАРУШУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО ОД УПОТРЕБА НА МОТОРНИ ВОЗИЛА

**Скопје**

**мај, 2019**

## 1. Физичка болка

Висината на надоместокот на штета за претрпена физичка болка се утврдува во согласност со околностите на секој поединечен случај, при што особено се земаат во предвид јачината и траењето на претрпената физичка болка.
Други релевантни фактори кои се земаат во предвид при утврдување на надоместокот на штета за претрпена физичка болка, се и следните:

- Возраста на повреденото лице, неговата општа здравствена состојба, видот и карактерот на повредите;
- Непријатностите кои се јавуваат за време на лекарскиот третман (како што се краткотрајни несвестици, разни видови на имобилизации и фиксации, рендгенски снимања, долгорочно лежење во кревет, потешкотии при голтање, број и видови на хируршки интервенции, инфузии, трансфузии, инекции, употреба на инвалидска количка, физиотерапија, амбулантски посети и слично);

### Табела 1: Висина на надоместокот на штета за претрпена физичка болка во денари:

Незначителна физичка болка во времетраење од 2-3 дена, не е предмет на надомест на штета.

#### 1.1. За лесни телесни повреди

| | |
|---|---|
| **1. За лесна телесна повреда со една набиеница** | До 30.000 |
| **2. За лесна телесна повреда со две набиеници** | До 32.000 |
| **3. За лесна телесна повреда со една набиеница и раздерна рана** | До 36.000 |
| **4. За лесна телесна повреда со три и повеќе набиеници** | До 50.000 |
| **5. За лесна телесна повреда (една или повеќе набиеници) и истегнување на врат** | До 55.000 |
| **6. За лесна телесна повреда со повеќе набиеници и шиеници** | До 60.000 |

**1.2 За тешки телесни повреди**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | **За повреди до 3% намалена животна способност (пукнатина на коска и комоцио-амбулантски лекуван)** | До 50.000 |
| 2. | **За повреди до 5% намалена животна способност (фрактура и комоцио-болнички лекуван)** | До 60.000 |
| 3. | **За повреди до 10% намалена животна активност** | До 90.000 |
| 4. | **За повреди до 15% намалена животна активност** | До 130.000 |
| 5. | **За повреди до 20% намалена животна активност** | До 170.000 |
| 6. | **За повреди до 30% намалена животна активност** | До 200.000 |
| 7. | **За повреди до 40% намалена животна активност** | До 250.000 |
| 8. | **За повреди до 45% намалена животна активност** | До 270.000 |

**2. Страв**

Надоместокот на штета за претрпен страв се утврдува во согласност со околностите на секој поединечен случај, имајќи ги во предвид траењето и јачината на претрпениот страв.
Предмет на надомест е оној страв кој е претрпен при нанесување на тешка телесна повреда или ако јачината на стравот траела подолго време и оставила трајни последици на психичкиот живот на оштетеното лице.
Висината на надоместокот за овој вид на штета, по правило се определува во висина од 50-70% од утврдениот износ на надоместок на штета за претрпена физичка болка.
По исклучок, утврдениот надоместок за штета за претрпен страв може да биде поголем само во случаи каде што постојат видливи клинички докази за постоење на признаено психијатриско заболување настанато како последица на претрпениот страв.

## 3. Претрпена душевна болка поради намалена животна активност

Намалената животна активност како посебна основа за надомест на штета за претрпена душевна болка, ги опфаќа сите ограничувања на животната активност на оштетеното лице која ја остварувал или по редовниот тек на настани, извесно е дека би ја остварувал во иднина. Под ограничување на животната активност се подразбира и вршење на активности со зголемен напор или под посебни услови.
Овој вид на штета, по правило е од траен карактер, но паричен надоместок може да се додели и во случај кога намалувањето на животната активност е привремено, доколку истата е со јак интензитет или ако околностите на поединечниот случај го оправдуваат истото.

Основни фактори кои се земаат во предвид при определување на висината на надоместокот за претрпена душевна болка поради намалена животна активност се степенот (процентот) на намалена животна активност и возраста на оштетеното лице.

Други релевантни фактори кои се земаат во предвид се и:

- Професијата со која се занимава лицето;
- Ограничувања во однос на рекреација и спорт кој бил претходно практикуван;
- Ограничувања во однос на семејни и социјални активности на оштетеното лице.

**Табела 2: Висина на надоместокот на штета за трајно намалена животна активност ( за секои 10% намалена животна активност) во денари:**

| Степен(процент) на намалена животна активност | Возраст на оштетеното лице | | |
|---|---|---|---|
| | До 45 години | Од 45 до 65години | Над 65 години |
| До 25% | 170.000 | 120.000 | 90.000 |
| Од 25% до 50% | 200.000 | 150.000 | 120.000 |
| Од 50% до 80% | 240.000 | 180.000 | 150.000 |
| Од 80% до 100% | 320.000 | 210.000 | 180.000 |

Во случај на времено намалена животна активност, надоместокот на штета (за секои 10% намалена животна активност) изнесува најмногу една десетина(1/10) од предвидените надоместоци во Табела 2.
Максимален надоместок на штета за претрпена душевна болка поради намалена животна активност може да биде утврден за помлади луѓе со најекстремни повреди, на пример квадриплегија, параплегија или тешка повреда на мозокот, кои предизвикале оштетување еднакво на 100% намалување на животната активност.

## 4. Душевна болка поради нагрденост

Висината на надоместокот за претрпена душевна болка поради нагрденост се утврдува врз основа на степенот на нагрденост и душевната болка која ја трпи оштетеното лице поради нагрденоста.
Други фактори кои особено се земаат во предвид при утврдување на висината на овој вид на надоместок се и возраста на оштетеното лице, видливоста на нагрденоста, професијата на оштетеното лице и слично.

**Табела 3: Висина на надоместокот на штета поради нагрденост во денари:**

| Возраст | Степен на нагрденост | | |
|---|---|---|---|
| | Мал | Умерен | Силен |
| До 45 години | 50.000 | 100.000 | 200.000 |
| Од 45 до 65 години | 40.000 | 75.000 | 150.000 |
| Над 65 години | 30.000 | 50.000 | 90.000 |

## 5. Душевна болка поради смрт на блиско лице

Надоместокот на штета за претрпена душевна болка поради смрт на блиско лице се утврдува во согласност со околностите на секој поединечен случај.

Висина на надомест на штета за претрпена душевна болка поради смрт на блиско лице (брачен или вонбрачен другар, дете, родител, неродено дете, брат или сестра, дедо или баба, внук или внука)

1. НАДОМЕСТ ЗА РОДИТЕЛ ЗА ПРЕТРПЕНА ДУШЕВНА БОЛКА ПОРАДИ СМРТ НА ДЕТЕ

| **Возраст на починатото лице на денот кога настапила смртта:** | **Висина на надоместок:** |
|---|---|
| До 10 години | до 800.000,00 |
| Од 11 до 21 година | до 700.000,00 |
| Од 22 до 40 години | до 600.000,00 |
| Од 41 до 55 години | до 400.000,00 |
| Над 55 години | до 300.000,00 |

2. НАДОМЕСТ ЗА БРАЧЕН ИЛИ ВОНБРАЧЕН ДРУГАР ЗА ПРЕТРПЕНА ДУШЕВНА БОЛКА (доколку меѓу вонбрачните другари постоела трајна животна заедница)

| **Возраст на починатото лице на денот кога настапила смртта:** | **Висина на надоместок:** |
|---|---|
| Од 18 до 30 години | до 800.000,00 |
| Од 31 до 45 години | до 700.000,00 |
| Од 46 до 55 години | до 600.000,00 |
| Од 56 до 65 години | до 500.000,00 |
| Над 65 години | до 400.000,00 |

3. НАДОМЕСТ ЗА ДЕТЕ ЗА ПРЕТРПЕНА ДУШЕВНА БОЛКА ПОРАДИ СМРТ НА РОДИТЕЛ

| **Возраст на починатото лице на денот кога настапила смртта:** | **Висина на надоместок:** |
|---|---|
| До 35 години | до 700.000,00 |
| Од 36 до 50 години | до 600.000,00 |
| Од 51 до 65 години | до 500.000,00 |
| Над 65 години | до 300.000,00 |

4. НАДОМЕСТ ЗА РОДИТЕЛ ЗА ПРЕТРПЕНА ДУШЕВНА БОЛКА ПОРАДИ СМРТ НА НЕРОДЕНО ДЕТЕ (ФЕТУС)

| **Возраст на починатото лице на денот кога настапила смртта:** | **Висина на надоместок:** |
|---|---|
| / | до 200.000,00 |

5. НАДОМЕСТ ЗА БРАТ ИЛИ СЕСТРА ЗА ПРЕТРПЕНА ДУШЕВНА БОЛКА (доколку меѓу нив постоела трајна животна заедница)

| **Возраст на починатото лице на денот кога настапила смртта:** | **Висина на надоместок:** |
|---|---|
| До 35 години | до 400.000,00 |
| Од 36 до 55 години | до 200.000,00 |
| Над 55 години | до 100.000,00 |

6. НАДОМЕСТ ЗА ВНУК ИЛИ ВНУКА ЗА ПРЕТРПЕНА ДУШЕВНА БОЛКА ПОРАДИ СМРТ НА БАБА ИЛИ ДЕДО (доколку меѓу нив постоела трајна животна заедница)

| **Возраст на починатото лице на денот кога настапила смртта:** | **Висина на надоместок:** |
|---|---|
| До 60 години | до 300.000,00 |
| Над 60 години | до 150.000,00 |

7. НАДОМЕСТ ЗА БАБА ИЛИ ДЕДО ЗА ПРЕТРПЕНА ДУШЕВНА БОЛКА ПОРАДИ СМРТ НА ВНУК ИЛИ ВНУКА (доколку меѓу нив постоела трајна животна заедница)

| **Возраст на починатото лице на денот кога настапила смртта:** | **Висина на надоместок:** |
|---|---|
| До 20 години | до 300.000,00 |
| Над 20 години | до 150.000,00 |

Мали деца, кои сеуште не се способни да го разберат значењето на загубата на нивните родители, имаат право на надоместок на штета за претрпена душевна болка, бидејќи таквата душевна болка не мора да настане директно по смртта на родителите, туку ќе настане како последица од загубата на родителската љубов, нега и внимание кои детето би ги добило од својот родител, како и идејата за самата смрт, соодветно.

**Материјална штета** :

Вкупен износ од 100.000,00 денари со фискасни сметки за погребални трошоци и надгробен споменик.

6. **Душевна болка поради тежок инвалидитет на блиско лице**

Надоместокот на штета за претрпена душевна болка поради тежок инвалидитет на блиско лице се утврдува во согласност со околностите на секој поединечен случај.
Инвалидитетот треба да се смета за особено тежок доколку процентот на намалување на животната активност, утврден за оштетеното лице, е еднаков или поголем од 70 проценти.

***Табела 5 : Висина на надоместокот на штета за претрпена душевна болка поради тежок инвалидитет на блиско лице (брачен или вонбрачен другар, дете, родител, нeродено дете, брат или сестра, дедо или баба и внуци) во денари:***

| **Во случај на тежок инвалидитет на:** | **Висина на надоместок** |
|---|---|
| Брачен или вонбрачен другар(доколку меѓу нив постоела трајна животна заедница) и дете | од 150.000 до 350.000 |
| Родител | од 100.000 до 300.000 |
| Брат или сестра (доколку постоела меѓу нив потрајна животна заедница) | до 150.000 |
| Баба или дедо (доколку меѓу нив постоела потрајна животна заедница) | до 150.000 |
| Внук или внука (доколку меѓу нив постоела потрајна животна заедница) | до 150.000 |

**Стапување во сила:**
Овие Критериуми стапуваат на сила со денот на донесувањето, а ќе се применува за штети пријавени по 15.06.2019 година. .

**Скопје,**
**мај , 2019 година**

**НАЦИОНАЛНО БИРО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ**

СКОПЈЕ SKOPJE